Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

03-751/2

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од Ацо Стојановски од Скопје, генералниот секретар на Инспекцискиот совет донесе

## РЕШЕНИЕ

**за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

1. Се прифаќа Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер испратено до Инспекцискиот совет од [redacted], бр. 03-751/1 од 26.08.2024 година.

## Образложение

На 26.08.2024 година, [redacted], со адреса: [redacted], до Инспекцискиот совет достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-751/1 од 26.08.2024 година, со коешто тој во својство на барател, од Инспекцискиот совет бара да му биде доставена следната информација:

**Сите списи во предметот УПП16-160 од 2024 година**

**Да ми се достават сите документи кои се поврзани со овој предмет**

**Записник од 371-та седница на Инспекцискиот совет**

**Дописот до Државната комисија за спречување на корупција и одговорот од нив**

**Дописот до Државниот управен инспекторат со кој е побарано произнесување по претставката и сите составни и донесени акти и доставените составени и донесени акти и произнесувањето по претставката од нив.**

Во предметното Барање, барателот навел дека бара содржината на бараната информација да му се достави во форма на електронски запис на посочената е-адреса [redacted] и фотокопија по пошта .

Постапувајќи по горенаведеното Барање, а по извршената проверка на наведениот предмет, во прилог Ви доставуваме:

- Барање за мислење, наш број УПП 16-660/2024 од 04.07.2024 година
- Мислење, наш број УПП 16-160 од 26.07.2024 година
- Записник за извршен инспекциски надзор од Државен управен инспекторат
- Дел од Записник од 371-та седница на Инспекцискиот совет број 02-7-7/3 од 22.08.2024 година, односно:

  - Точка 7: Информација за донесување на Одлука за изземање на надлежен член на Инспекцискиот совет бр.03-703 од 08.08.2024 година и

- Точка 8: Информација за постапување по претставка УПП16-160 од 27.05.2024 година – Област 6 – Управа

Со оглед дека согласно утврдените законски услови, барателот има право на слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

Генерален секретар на Инспекциски совет
м-р Сашо Мержаноски

Доставено:
- до барателот на информацијата и
- во архивата на Инспекцискиот совет.

Изработил: Андријана Алексова, советник
Одобрил: Маја Срезоска, раководител на Сектор